Министерство за финансии

# Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност

Скопје, декември 2014 година

# ВОВЕД

## I.Оцена на состојбите во областа и причини за донесување на законот

Со Законот за хартии од вредност се уредуваат начинот и условите на издавање и тргување со хартии од вредност. Сертификатот за депозит е еден од инструментите со кои може да се тргува на пазарот со хартии од вредност. Со цел да заживее издавањето и тргувањето со овој инструмент, беше направена анализа на регулативата од други држави, вклучително и за САД, со која е уредено издавањето на сертификати за депозит. Од анализата произлезе потреба да се прецизира постоечката дефиниција на сертификатот за депозит во насока на доуредување на карактеристиките на овој инструмент. Исто така, праксата покажа дека има потреба да се направат и други измени во Законот за хартии од вредност. Дел од измените се главно се од техничка природа, а се поврзани со полагањето на стручниот испит за работа со хартии од вредност и инвестициски советник. Понатаму со измената се пропишува друштвата за управување со инвестициски фондови да можат да бидат членки на депозитарот со што истите ќе може да отвораат портфолио сметка на хартии од вредност при вршење на услугата управување со портфолио на хартии од вредност за сметка на вложувачот. Исто така со измената се воведува можност засегнатите страни во делот на полагањето на стручните испити за брокер и инвестициски советник против решенијата на Комисијата да поднесат жалба до државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, заради усогласување со останатите одредби во постојниот закон во делот на поднесувањето на жалба против решенијата на Комисијата. Во насока на заштита на интересите на инвеститорите, особено при давањето на налози за купопродажба на хартии од вредност, се пропишува и обврска за брокерските куќи веднаш да го внесат налогот од клиентот во системот за тргување на берзата.
За таа цел, се предлагаат измени и дополнувања на Законот за хартии од вредност.

## II. Цели, начела и основни решенија на предлогот на закон

Донесувањето на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност е со цел да се доуреди издавањето на сертификатите за депозити и нивното дефинирање и на тој начин банките да се стимулираат да издаваат сертификати за депозити.
Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност се заснова на истите начела на кои се заснова основниот закон.
Основни решенија на предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност:

- нова дефиниција на сертификатите за депозит,

-исклучување на краткорочните сертификати за депозити од обврската за давање на одобрение за нивно издавање,

-вклучување на  друштвата за управување со инвестициски фондови како членки на депозитарот за хартии од вредност со цел истите да може да отвораат портфолио сметки на хартии од вредност во свое име, а за сметка на вложувачот,

-воведување на можност против решенијата на Комисијата за хартии од вредност кандидатите за полагање на стручен испит за брокер и инвестициски советник да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен,

- воведување на обврска брокерските куќи веднаш да го внесат налогот од клиентот во системот за тргување на берзата.

III.Оцена на финансиските последици од предлогот на закон врз Буџетот и другите јавни финансиски средства

За донесувањето на овој Предлог на закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

IV.Процена на финансиските средства потребни за спроведување на законот и начинот на нивното обезбедување, како и податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти

Спроведувањето на Предлогот на законот нема да повлече материјални обврски за одделни субјекти.

V. Усогласеност на предлогот на закон со правото на европската унија

Законот нема ЕУ елементи.

VI.Потреба од донесување на подзаконски акти врз основа на овој закон

Не е потребно донесување на подзаконски акти врз основа на овој закон.

П Р Е Д Л О Г

НА

Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност

Член 1

Во Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/13 и 43/14), во членот 2 во точката 3 зборот “писмен”се брише.

Точката 39 се менува и гласи:

“„Сертификат за депозит“ е неограничено пренослива должничка хартија од вредност издадена од издавач - банка или штедилница како доказ за сопственост на депозит, со кој издавачот се обврзува да го исплати имателот на сертификатот на начин и под услови содржани во истиот.”

Во точката 44 по зборовите „потврда за странска хартија од вредност” се става запирка и се додаваат зборовите „сертификат за депозит”.

Член 2

Во членот 14 став (1) точка ѓ) зборовите „раководно лице назначено од издавачот како раководно лице за содржината на Проспектот“ се заменуваат со зборовите „одговорно лице на издавачот“.

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

“(3) Барањето за одобрение и документите од став (1) на овој член, издавачот може да ги достави до Комисијата во хартиена или електонска форма.”

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (4), (5) и (6) соодветно.

Член 3

Во членот 29 точката д) се менува и гласи:

„д)при издавање на краткорочни сертификати за депозит“.

Член 4

Во членот 38 ставот (1) се менува и гласи:

“(1)Овластени учесници на пазарот на хартии од вредност и друштва за управување со инвестициски фондови со добиена дозвола за работа од Комисијата за хартии од вредност можат да бидат членки на депозитарот.”

Член 5

Во членот 52-б ставот (3) се менува и гласи:

„(3) По исклучок од член 52 став (1) портфолио сметка на хартии од вредност се отвара врз основа на договор за управување со портфолио на хартии од вредност, која гласи на име на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност за вршење услуги со хартии од вредност утврдени во членот 94 точка в) од овој закон и/или која гласи на име на друштво за управување со инвестициски фондови со добиена дозвола за работа од Комисијата, на која сметка се евидентираат хартиите од вредност со кои управува овластениот учесник односно друштвото, во име и за сметка на вложувачот – налогодавачот.“

Член 6

Во членот 101 во ставот (3) по точката а) се додава нова точката б) која гласи:

„б) му е изречена казна затвор за сторени кривични дела од областа на банкарството, финансиите, работните односи, имотот, мито и корупција“.

Член 7

Во член 112 во став (2) точката 2) се менува и гласи:

“2) да има завршено обука за работење со хартии од вредност која ја организира Комисијата за хартии од вредност.”

Во ставот (2) во точката 3) зборовите “пред поднесување барање за дозвола за работење на брокер”се бришат.

Во ставот (3) зборовите “полагање на стручен испит за” се бришат.

Член 8

Во членот 112-в во став 10 зборовите “една просечна плата објавена” се заменуваат со зборовите “три просечни плати објавени”.

Член 9

Во членот 112-д ставот (8) се менува и гласи:

„(8) Против решението од ставот (7) на овој член со кое е одбиено барањето за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.“

Член 10

Во членот 112-ж ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Против решението на Комисијата од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.“

Член 11

Во членот 112-ѕ во ставот (1) зборовите „една не е точни“ се заменуваат со зборовите „две не се точни“.

Член 12

Во членот 112-ј во ставот (6) бројот „2000“ се заменува со бројот „1500“ а бројот “200” се заменува со бројот “150”.

Член 13

Во членот 112-к ставот (3) се брише.

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (3) и (4) соодветно.

Член 14

Во членот 112-о ставот (8) се менува и гласи:

„(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.“

Член 15

Во членот 115 став (1) точка б) сврзникот "и" на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката в) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот "и".

По точката в) се додова нова точка г) која гласи:

„г) да ги почитува одредбите на овој и друг закон."

Член 16

Членот 122 се менува и гласи:

"(1) Налозите на клиентите мора да бидат понудени на берза.

(2) Брокерската куќа е должна веднаш да го внесе налогот на клиентот во системот за тргување на берзата согласно Правилата за тргување на берзата.

(3) Брокерската куќа е должна да го изврши налогот на клиентот, односно да склучи трансакција согласно дадените инструкции од клиентот веднаш штом условите на пазарот на хартиите од вредност дозволуваат негово извршување.

(4) Брокерската куќа ги извршува налозите на клиентите за купување и/или продавање на хартии од вредност во согласност со приоритетот во книгата на налози.

(5) Брокерската куќа не смее да купува и/или продава хартии од вредност за своја сметка или за сметка на лице вработено во брокерската куќа, ако со ваквото купување или продавање би се оневозможило извршување на налог на клиент за

купување и/или продавање или ако поради тоа тој налог би можел да се реализира по понеповолни услови за клиентот.”

Член 17

Во членот 131 ставовите (7) и (8) се бришат.

Ставовите (9), (10) и (11) стануваат ставови (7), (8) и (9) соодветно.

Член 18

Во членот 150 во ставот (2) точката 2) се менува и гласи:
“2) да има завршено обука за инвестиционо советување која ја организира Комисијата за хартии од вредност”.
Во ставот (2) во точка 3) зборовите “пред поднесување барање за дозвола за работење на инвестиционен советник ”се бришат.
Во ставот (3) зборовите “полагање на Стручниот испит од ставот (2) точка б) на овој член ”се заменуваат со зборовите “инвестиционо советување од ставот (2) точка 2) на овој член.”

Член 19

Во членот 232-а по став (5) се додава нов став (6) кој гласи:

“(6)Членовите на Прекршочната комисија имаат свои заменици.”

Ставовите (6), (7) и (8) стануваат ставови (7), (8) и (9) соодветно.

Во новиот став (9) зборовите “Прекршочниот орган” се заменуваат со зборовите “Прекршочната комисија”.

Член 20

Во членот 232-в по ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:

“(7)Членовите на Комисијата за посредување имаат свои заменици.”

Ставовите (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14) и (15) стануваат ставови (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15) и (16) соодветно.

Член 21

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен весник на Република Македонија.

Извод одредби од Законот за хартии од вредност

Дефиниции

Член 2

Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. “Акција“ е сопственичка хартија од вредност, која претставува неделив и идеален дел од основната главнина на акционерското друштво или командитното друштво со акции. Акциите можат да бидат обични и приоритетни;

2. “Акционерско друштво со посебни обврски за известување“ е друштво кое извршило јавна понуда на хартии од вредност, или има основна главница од 1.000.000 евра во денарска противвредност и повеќе од 50 акционери, освен друштвата котирани на берза;

3. “Барање за одобрение“ е писмен документ кој се поднесува до Комисијата за хартии од вредност од страна на издавачот, со кое се бара дозвола за јавна или приватна понуда на хартиите од вредност;

4. “Благајнички запис“ е краткорочна хартија од вредност издадена од Народната банка на Република Македонија, која се продава по дисконтирана вредност, а на денот на пристигнување издавачот ја исплаќа номиналната вредност;

5. “Внатрешна информација“ е секоја ценовно чувствителна информација која не е јавно објавена преку печатени или електонски медуими;

5-а. "Деловна тајна" е податок, документ или информација која овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност при работењето ја добива за правно или физичко лице и која треба да ја чува во тајност и соодветно да ја заштити;

6. “Дематеријализирана хартија од вредност“ е хартија од вредност којашто се води како електронски запис;

7. “Деривативни финансиски инструменти“ се инструментите чијашто цена директно или индиректно зависи од цената на хартиите од вредност, стоките, девизите, берзанските индекси или каматните стапки кои не се потврди за депозит;

8. “Договор за фјучерси“ е стандардизиран договор за идна продажба на однапред определен датум на хартии од вредност, девизи, стоки, берзански индекси или каматни стапки, со кој едната страна се обврзува да изврши предавање на договорениот имот, а другата страна се обврзува да ја плати однапред договорената цена;

9. “Договор за опција“ е стандардизиран договор за идно купување или продавање на хартијата од вредност, девизите, стоките, берзанските индекси или каматните стапки, според кој едната договорна страна има право, но не и обврска, да го купи или да го продаде предметот на опцијата, по однапред договорена цена, секој работен ден до истекот на договорениот рок, а другата страна се обврзува, на барање на првата страна, безусловно да го предаде или да го преземе и да го плати договорениот предмет на опцијата;

10. “Дозвола за работа со хартии од вредност“ е дозвола за работење на брокер и дозвола за работење на инвестиционен советник;

11. “Државен запис“ е краткорочна должничка хартија од вредност издадена од Република Македонија;

12. “Депозитна камата“ е просечната каматна стапка која ја плаќаат деловните банки во Република Македонија на денарските депозити на физички лица орочени на период од една година;

12-а. "Добра репутација" е чесност, компетентност, работливост и поседување особини кои даваат сигурност дека лицето со начинот на своето работење нема да влијае во насока на загрозување на стабилноста и сигурноста на брокерската куќа, берзата или депозитарот за хартии од вредност;

13. “Долгорочна хартија од вредност“ е хартија од вредност чиј рок на пристигнување е една календарска година или подолго од денот на нејзиното издавање;

14. “Изложеност на брокерска куќа“ е збир на побарувањата, вложувањата во хартии од вредност и капиталните влогови на брокерската куќа;

15. "Институционален инвеститор" е банка, осигурително друштво, отворен и затворен инвестициски фонд или пензиски фонд и друштво за управување со отворен и затворен инвестициски или пензиски фонд, централни банки, национални влади и органи на локална самоуправа, Меѓународниот монетарен фонд, ЕБРД, ЕИБ и финансиско холдинг друштво;

16. "Јавна понуда" е јавен повик за запишување и купување на хартии од вредност објавен во средствата за јавно информирање;

17. "Комерцијален запис" е должничка краткорочна хартија од вредност издадена од акционерско друштво или командитно друштво со акции, со која издавачот се обврзува дека на сопственикот ќе му ја исплати номиналната вредност и договорената камата на точно определен датум на достасување. Комерцијалниот запис може да има фиксна или варијабилна каматна стапка, или да биде без камата;

18. "Комисија" е Комисија за хартии од вредност на Република Македонија, која претставува самостојно и независно регулаторно тело со јавни овластувања утврдени со овој закон, Законот за инвестициони фондови, Законот за преземање на акционерски друштва и на сите подзаконски акти донесени врз основа на овие закони;

19. "Квалификувано учество во однос на едно правно лице" е сопственост на мнозински пакет на акции со право на глас во правното лице или сопственост на акции со право на глас, кое ако се искористи е доволно за именување или разрешување членови на управниот или надзорниот одбор и одборот на директори;

19-а. "Квалификувано учество во брокерска куќа, берза или депозитар за хартии од вредност" е директно или индиректно поседување на најмалку 10% или повеќе од вкупниот број на акции или од издадените акции со право на глас во брокерска куќа, берза или депозитар за хартии од вредност, без оглед дали лицето ги стекнува акциите само или заедно со други поврзани лица;

20. "Краткорочна хартија од вредност" е хартија од вредност чиј рок на пристигнување е пократок од една календарска година од денот на издавањето;

21. "Котација" е ставање на одредена класа на хартии од вредност од страна на берза на посебна платформа за тргување врз основа на договор меѓу таа берза и издавачот на хартиите од вредност со кој се регулираат меѓусебните права и обврски;

22.“Нетрговски пренос“ е пренос на сопственоста на хартиите од вредност кој настанува врз основа на подарок, наследство, судска одлука и реализација на договор за залог, согласно со закон;

23. “Обврзница“ е долгорочна должничка хартија од вредност, со која издавачот се обврзува дека на сопственикот на обврзницата еднократно или во рати, ќе му го исплати на определениот ден, износот на номиналната вредност на обврзницата и каматата. Обврзницата може да биде обезбедена или необезбедена, да има фиксна или варијабилна камата, да биде без камата, може на сопственикот да му дава право на камата и/или исплата на однапред определени рати, може да се откупи од страна на која било страна под одредени услови и/или може на сопственикот да му даде право да ја претвори обврзницата во друг вид на хартија од вредност на издавачот;

24. “Овластен учесник на пазарот на хартии од вредност“ е секое физичко или правно лице вклучено во работењето на пазарот на хартии од вредност, кое има добиено соодветна дозвола од Комисијата, вклучувајќи депозитари, берзи, банки, брокерски куќи, брокери и инвестициони советници;

25. Просечна пазарна цена на акциите е пондерирана аритметичка средина на сите цени од сите трговски трансакции, со исклучок на блок трансакциите, со определена хартија од вредност во еден ден на тргување на овластена берза. Како пондер се зема количината на истргуваните хартии од вредност;

26. “Проспект“ е писмен документ во кој се содржани сите релевантни податоци кои му овозможуваат на купувачот на хартиите од вредност, опишани во документот, да направи процена за правното, финансиското и деловното работење на издавачот, за инвестициониот ризик и за правата кои произлегуваат од понудените хартии од вредност;

27. “Примарен пазар“ е првото продавање на хартиите од вредност од страна на издавачите, односно првото запишување и уплата на хартиите од вредност;

28. „Приватна понуда“ е понуда за запишување и уплаќање на хартии од вредност:
- која е упатена на не повеќе од 20 лица поединечно именувани во актот за издавање на хартии од вредност кои не се акционери во акционерското друштво и кои не се поврзани лица со акционерите во акционерското друштво, освен ако со друг закон поинаку не е регулирано или ако обврската за акционерот да го зголеми учеството во

основната главнина е на барање на орган или институција надлежен за надзор или супервизија на работењето на акционерските друштва врз основа на овој или друг закон,
- која е упатена само на институционални инвеститори,
- во случај на зголемување на основната главнина од средства на друштвото,

- во случај на условно зголемување на основната главнина и
- во случај на заем што се трансформира во влог во друштвото во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото кога заемот е даден од страна на единствениот акционер на друштвото.

29. "Поврзани лица" се поврзани правни лица, поврзани физички лица и физичко лице поврзано со правно лице;

30. "Поврзани правни лица" се: правно лице кое поседува, директно или индиректно најмалку 20% од акциите со право на глас од другото правно лице; правно лице во кое најмалку 50% од членовите на управниот или надзорниот одбор и одборот на директори се членови на управниот одбор, надзорниот одбор или одборот на директори на другото правно лице; правно лице кое согласно со одредбите на Законот за трговските друштва има значително учество, мнозинско учество или заемно учество во другото правно лице; две правни лица кои се контролирани од исто или исти правни или физички лица и правно лице кое по друг основ го контролира друго правно лице;

31. "Поврзани физички лица" се физички лица коишто се: во сродство преку брак или посвојување; деца и родители, браќа и сестри, полубраќа и полусестри, баби, дедовци и внуци; на друг начин се крвно поврзани до втор степен; живееле во заедница пет години непрекинато во однос на родител - старател и дете, маќеа или очув и посинок и поќерка, снаа, зет и родители на брачните другари;

32. "Физичко лице поврзано со правно лице" е лице кое директно или индиректно поседува 20% од акциите со право на глас во правното лице или на друг начин има квалификувано учество во правното лице. Комисијата детално ги пропишува условите за дополнително определување на поврзани лица;

33. "Порамнување" е процес на исполнување на обврските на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност коишто произлегуваат од склучената трговска

трансакција на секундарниот пазар, односно извршување на плаќањето од страна на купувачот и пренос на сопственоста на хартиите од вредност од страна на продавачот;

34. "Потврда за странска хартија од вредност" е доказ за сопственост на странска хартија од вредност, која на ниеден друг начин не е понудена, продадена или тргувана во Република Македонија, создадена со цел да се овозможи тргување со странската хартија од вредност во Република Македонија;

35. "Репо договор" претставува договор за промптна продажба/купување на хартии од вредност со обврска на продавачот/купувачот за повторен откуп/продажба на истите или слични хартии од врдност на некој иден датум по однапред утврдена цена;

36. "Саморегулирачка организација" е правно лице чии членови и/или акционери се овластени учесници на пазарот на хартии од вредност и која донесува правила и процедури за примена на правилата за организација и регулативата од областа на хартиите од вредност во Република Македонија, преку испитување, одлучување и во случај на повреда и утврдување на дисциплински и други мерки;

37. "Сериски хартии од вредност" се хартиите од вредност издадени во исто време, од ист издавач и кои даваат исти права и обврски на сите сопственици;

38. "Секундарен пазар" е секое купување или продавање на претходно издадени хартии од вредност;

39. "Сертификат за депозит" е должничка хартија од вредност издадена од банка, врз основа на средства депонирани кај издавачот со кој се евидентира депозитот на посебна сметка кај издавачот и која го обврзува издавачот да му го исплати на сопственикот депозитот и камата во одреден временски период. Сертификатот за депозит е неограничено пренослив и се издава како сериска хартија од вредност. Сертификатот за депозит може да биде долгорочна или краткорочна хартија од вредност, со фиксна или варијабилна камата, без камата и може да има определен датум на пристигнување кој може да биде продолжен со соодветно барање на сопственикот;

40. "Сопствени акции" се акциите претходно издадени и продадени од страна на акционерско друштво или командитно друштво со акции кои подоцна друштвото ги стекнува по различни основи;

40-а. "Сопствени средства" се средства кои се состојат од основната главнина, резервите и други категории на сопствени средства пресметани согласно Правилникот за категориите на сопствени средства и начинот на пресметување на износот на сопствени средства на брокерската куќа;

41. "Трговски трансакции" се промени на сопственоста на хартиите од вредност на секундарниот пазар како резултат на нивно купување или продавање;

42. "Утврдување" е повеќефазен процес којшто се состои од идентификација на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност коишто склучиле трговска трансакција на секундарниот пазар, идентификација на хартијата од вредност со која е тргувано, количината на хартии од вредност со која се тргувало и цената по која е склучена трансакцијата; потврдување на елементите на трговската трансакција од страна на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност кои ја склучиле истата и пресметка на меѓусебните обврски на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност коишто склучиле трговска трансакција на секундарниот пазар;

43. "Финансиски извештај" е извештајот кој во себе ги вклучува билансот на состојба, билансот на успех, извештајот за промени на главнината и извештајот за паричните текови;

44. "Хартии од вредност" се акции издадени од акционерски друштва и од командитни друштва со акции, акции во инвестициските фондови кои работат според Законот за инвестициски фондови, обврзници, инструменти на пазарот на пари, деривативни финансиски инструменти, потврда за странска хартија од вредност и други финансиски инструменти кои според Комисијата се сметаат за хартии од вредност. Овие хартии од вредност се неограничено преносливи.

45. "Ценовно чувствителни информации" се информации од специфична природа кои се директно или индиректно поврзани со издавачот на хартиите од вредност и кои, доколку се обелоденат, би можеле да влијаат на цената на хартиите од вредност на издавачот или да влијаат на одлуката на инвеститорите да купуваат, продаваат или да ги чуваат хартиите од вредност.

*Документација која се поднесува заедно со барањето за одобрение*

Член 14

(1) При поднесувањето на барањето за одобрение издавачот ги доставува следниве документи:
а) статут на друштвото;
б) трговска регистрација;
в) финансиски извештаи за претходните три години во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување;
г) извештај од овластен ревизор за последните три години во согласност со меѓународните ревизорски стандарди;
д) акт за издавање на хартиите од вредност;
ѓ) изјава од раководно лице назначено од издавачот како одговорно лице за содржината на Проспектот и дека:
- емисијата е во согласност со овој закон и со актот за издавање,
- податоците наведени во барањето за одобрение се вистинити и точни и
- податоците содржани во Проспектот се вистинити и точни и дека во Проспектот не е пропуштена ниедна ценовно чувствителна информација, освен ценовно чувствителните информации чие необјавување е одобрено од Комисијата;
е) Проспект на издавачот и покана за запишување и уплата на хартиите од вредност и други информации значајни за купувачите и
ж) други документи кои ќе ги утврди Комисијата.

(2) Во случаи кога барањето за одобрение се однесува на акции од втора или од наредна емисија, издавачот е должен да ги поднесе следниве податоци:
а) износот на претходните одобрени и реализирани емисии;
б) видот и количината на претходно издадените хартии од вредност, со опис на правата кои произлегуваат од нив и нивната номинална вредност и
в) други податоци за издадените хартии од вредност кои поблиску ги пропишува Комисијата.

(3) Надоместоците за разгледување и одлучување по барањето за издавање одобрение паѓаат на товар на издавачот согласно со Тарифникот на Комисијата од членот 227 став (4) на овој закон.

(4) Проспектот од ставот (1) точка е) на овој член го изготвува издавачот на хартиите од вредност или правно лице од членот 95 став (1) на овој закон кое врши услуги со хартии од вредност, а кое има добиено дозвола за работа за вршење на сите услуги со хартии од вредност од членот 94 на овој закон.

(5) Комисијата ја пропишува формата и содржината на Проспектот и поканата за запишување на хартиите од вредност.

**5. Исклучоци за кои не е потребно одобрение од Комисијата**

Член 29

Обврските утврдени во оваа глава не се применуваат во следниве случаи:
а) при издавање или гарантирање на хартии од вредност од страна на Република Македонија;
б) при издавање на хартии од вредност од страна на Народната банка на Република Македонија;
в) при издавање на хартии од вредност во постапка на трансформација на едно правно лице во акционерско друштво или во командитно друштво со акции, кога износот на основ-ната главнина на правното лице останува непроменет и кога сите сопственици добиваат пропорционален износ од новоиздадените хартии од вредност;

г) при симултано основање на акционерско друштво или командитно друштво со акции д) при издавање на сертификати за депозит кои не се издадени како сериски хартии од вредност од страна на овластена банка и
ѓ) при поделба на акции во одреден сооднос при што основната главнина останува непроменета.

***Членки на депозитар***

Член 38

(1) Само овластените учесници на пазарот на хартии од вредност кои се регистрирани во трговскиот регистар можат да бидат членки на депозитарот.

(2) Членка на депозитарот не мора да биде и акционер на депозитарот.

(3) Депозитарот донесува правила за членство со кои поблиску се утврдуваат правата и обврските за членство, обврските и правата на членките на депозитарот согласно со

овој закон и статутот на депозитарот.

(4) Депозитарот е должен на секое правно лице да му дозволи да стане членка на депозитарот доколку ги исполнува условите утврдени во неговите правила за членство.

(5) Со правилата за членство во депозитар се пропишува дека членот на депозитар мора:

а) да има дозвола за работа со хартии од вредност од Комисијата;

б) да биде соодветно организационо и технички опремен;

в) да ги исполнува другите услови пропишани од Комисијата и депозитарот и

г) да доставува до депозитарот копии од финансиските извештаи кои согласно со овој закон ги доставува до Комисијта.

(6) Според правилата на депозитар за членство, правното лице кое сака да стане членка во депозитарот ја поднесува следнава документација:

а) писмено барање во форма и содржина пропишана од депозитарот;

б) примерок од статутот;

в) примерок од дозволата за работа со хартии од вредност и

г) дополнителни информации коишто може да ги бара депозитарот согласно со правилата за членство.

(7) Овластените учесници на пазарот на хартии од вредност чие барање за членство е одбиено можат да поднесат жалба до Комисијата во рок од 15 календарски дена од приемот на одлуката.

(8) Сите членки на депозитарот се должни да ги почитуваат актите на депозитарот.

*Други сметки на хартии од вредност*

Член 52-б

(1) По исклучок од членот 52-а на овој закон, во депозитар може да биде отворена сметка на хартии од вредност која гласи на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност или на друго лице кое ја отвара сметката во свое име, а за сметка на трето лице, и тоа како:

- застапничка сметка,

- портфолио сметка,

- старателска сметка и

- збирна сметка.

(2) Застапничката сметка на хартии од вредност се отвора во депозитарот врз основа на прописите кои го регулираат прашањето за законски застапник или врз основа на заверено полномошно со кое сопственикот на хартиите од вредност го доверува управувањето и располагањето со своите хартии од вредност и остварувањето на правата од тие хартии од вредност, на трето лице - застапник.

(3) Портфолио сметката на хартии од вредност се отвара врз основа на договор за управување со портфолио на хартии од вредност, која гласи на име на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност за вршење услуги со хартии од вредност утврдени во членот 94 точка в) од овој закон и на која сметка се евидентираат хартиите од вредност со кои управува овластениот учесник, во име и за сметка на вложувачот - налогодавачот.

(4) Старателската сметка на хартии од вредност се отвара врз основа на договор за чување на хартии од вредност, која гласи на име на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност за вршење услуги со хартии од вредност утврдени во членот 94 точка з) од овој закон и на име на банка - чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови, а на која сметка се водат хартии од вредност за сметка на трето лице или лица - клиенти.

(5) Збирната сметка на хартии од вредност гласи на име на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и/или на банката - чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови, а за сметка на поединечен клиент - нерезидент или повеќе

клиенти - нерезиденти. Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и банката - чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови се должни да водат посебна евиденција за состојбата на хартиите од вредност за секој поединечен клиент и на барање на Комисијата да достават целосни податоци за сите клиенти и количината на хартии од вредност во нивна сопственост.

*Согласност за именување директор на брокерска куќа*

Член 101

(1) Комисијата дава согласност за именување директор на брокерската куќа.

(2) Со барањето за согласност за именување на директор на брокерска куќа, се поднесуваат следниве документи:

а)кратка биографија на предложениот кандидат за директор;

б)одлука на надлежниот орган за именување на предложениот кандидат за директор;

в)уверение за завршено високо образование од областа на економијата, финансиите или деловното право;

г)примерок од дозволата за работа од Комисијата и

д)предлог на програма за деловна и развојна политика на брокерската куќа за следните две години.

(3) Комисијата дава согласност за именување на директор во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (2) на овој член, освен во случаите кога ќе утврди дека на предложениот кандидат:

а) му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност;

б) му е изречена казна затвор и тоа:

- во периодот од правосилноста на пресудата до денот на издржувањето на казната и 5 години од денот кога ја издржал казната, во случај на осуденост со правосилна судска пресуда со казна затвор до 3 години и

- во периодот од правосилноста на пресудата до денот на издржувањето на казната и 10 години од денот кога ја издржал казната, во случај на осуденост со правосилна пресуда со казна затвор над 3 години.

Во случај на бришење на осудата од точка б) на овој став, соодветно се применуваат одредбите од Кривичниот законик.

в) доколку е правосилно осуден за кривично дело предизвикување на стечај на правно лице;

г) дал лажна информација во документите кои се поднесуваат согласно со ставот (2) од овој член.

(4) Комисијата е должна да даде разумно писмено образложение во случај на не давање согласност за кандидатот предложен за директор на брокерската куќа.

(5) Комисијата поблиску го пропишува начинот и постапката на давање согласност за именување на директор на брокерската куќа.

### *Овластени брокери*

Член 112

(1) Услугите поврзани со извршувањето на налозите на клиентите, информирањето на клиентите за купување или продавање на хартии од вредност кое не претставува инвестиционо советување во брокерска куќа можат да ги вршат само овластени брокери (во натамошниот текст: брокери).

(2) Право на полагање на Стручен испит за работење со хартии од вредност има лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да има завршено најмалку четиригодишно средно образование и со искуство од најмалку една години во областа на финансиите;

2) да има присуствувано на обука за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност која ја организира Комисијата за хартии од вредност;

3) да не е осудуван со правосилна судска одлука за кривично дело во последните пет години пред поднесување барање за дозвола за работење на брокер и

4) да не осудуван со правосилна судска одлука за сторено кривично дело предизвикување стечај на правно лице.

(3) Комисијата го пропишува начинот на организирање, одржување и пријавување за обуката за полагање на стручниот испит за работа со хартии од вредност од став (2) на овој член, програмата за обуката и начинот на избор на предавачи на обуката.

***Комисија за спроведување на испит***

Член 112-в

(1) Обуката за предметите од наставната програма ја спроведуваат едукатори ангажирани од Комисијата. Едукатор може да биде лице кое има универзитетско образование и работно искуство од 10 години од соодветната област за која ќе држи предавања. Во спроведувањето на обуката може да учествуваат и признати стручњаци од праксата од земјата и од странство.

(2) Базата на прашања и/или задачи за Стурчниот испит за работење со хартии од вредност ја подготвуваат едукаторите од ставот (1) на овој член.

(3) Прашањата за Стручниот испит за работење со хартии од вредност ги верификува Комисија за спроведување на Стручниот испит за работење со хартии од вредност, формирана од Комисијата.

(4) Начинот на формирање и работењето на Комисијата за спроведување на Стручниот испит за работење со хартии од вредност од став (3) на овој член поблиску го пропишува Комисијата.

(5) Комисијата за спроведување на Стручниот испит за работење со хартии од вредност врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери и задачи од членот 112-ј на овој закон најмалку еднаш годишно.

(6) При ревизијата Комисијата за спроведување на Стручниот испит за работење со хартии од вредност особено ги има во предвид промените на прописите на кои е засновано прашањето односно практичниот пример, бројот на кандидати кои ги одговориле, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат на подобрувањето на квалитетот на базите од член 112-ј од овој закон.

(7) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери и задачи, Комисијата за спроведување на Стручниот испит за работење со хартии од вредност одлучува прашањата и практичните примери да бидат изменети или целосно отстранети од базата од член 112-ј од овој закон.

(8) Едукаторите и членовите на Комисијата за спроведување на Стручниот испит за работење со хартии од вредност од ставовите (1) и (3) на овој член имаат право на паричен надомест кој го утврдува Комисијата со посебна одлука.

(9) Износот на паричниот надомест од став (8) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања, практични примери и задачи, како и сложеноста на материјата.

(10)Годишниот паричен надомест од став (8) на овој член не го надминува износот на една просечна плата објавена од Државниот завод за статистика исплатена во Република Македонија за претходната година.

### *Барање за полагање на стручниот испит и испитни рокови*

Член 112 – д

(1) Обуката и Стручниот испит за работење со хартии од вредност се спроведуваат врз основа на констатирана потреба од страна на Комисијата, но не помалку од еднаш годишно.

(2) Комисијата со оглас во дневен печат и на својата веб страница ги известува заинтересираните кандидати за времето и местото на одржување на обуката, односно Стручниот испит за работење со хартии од вредност.

(3) Доколку, по проценка на Комисијата не се пријават доволен број на кандидати, Комисијата нема да ја спроведе обуката, односно испитот.

(4) По завршувањето на обуката, Комисијата за спроведување на Стручниот испит за работење со хартии од вредност ги определува термините за одржување на испитот и истите ги објавува на веб страницата на Комисијата.

(5) Барањето за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност кандидатот го поднесува до Комисијата.

(6) Со барањето за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на испитот, пропишани со овој закон.

(7) Комисијата, со решение утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност.

(8) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

(9) Кандидатот на кој му е одобрено барањето за полагање на Стручниот испит за работење со хартии од вредност, преку електронска пошта се известува за времето и местото за полагање на Стручниот испит за работење со хартии од вредност најдоцна во рок од осум дена пред полагањето на Стручниот испит.

(10) На кандидатот мора да му се овозможи да го полага Стручниот испит за работење со хартии од вредност во првиот нареден термин од денот на одобреното барање за полагање на Стручниот испит.

(11) Кандидатот е должен во рок од пет дена од добивањето на известувањето од ставот (9) на овој член, преку електронска пошта да го пријави учеството на Стручниот испит за работење со хартии од вредност.

(12) Комисијата детално ја пропишува постапката за спроведување на стручниот испит за работење со хартии од вредност.

### *Спреченост за полагање на испит*

Член 112-ж

(1) Ако во текот на обуката и полагањето на Стручниот испит за работење со хартии од вредност настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да присуствува односно полага (болест, породилно отсуство, школување во странство и слично), обуката и Стручниот испит за работење со хартии од вредност се одлагаат за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

(2) Решение за продолжување на Стручниот испит за работење со хартии од вредност донесува Комисијата по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум

дена од престанокот на причините за одлагање на Стручниот испит за работење со хартии од вредност, но најдоцна во рок од шест месеци.

(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на Стручниот испит за работење со хартии од вредност во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека Стручниот испит за работење со хартии од вредност не го положил.

(4) Против решението на Комисијата од ставот (2) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(5) Во случај на став (2) на овој член, кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има положено.

***Начин на полагање на прв дел од стручниот испит***

Член 112-ѕ

(1) Првиот дел од Стручниот испит за работење со хартии од вредност се полага по секој од предметите наведени во членот 112-а, став (3) од овој закон со пет опции за заокружување од кој едната е точна, две се слични, една не е точни.
(2) Кандидатот мора да ги положи сите предмети од првиот дел од Стручниот испит за работење со хартии од вредност во најмногу три последователни термини утврдени за полагање на испитот.
(3) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот (2) на овој член, ќе се смета дека испитот не го положил.
(4) Бројот и тежината на прашањата од првиот дел од Стручниот испит за работење со хартии од вредност ги пропишува Комисијата.

***База на прашања***

Член 112-ј

(1) Полагањето на првиот дел од Стручниот испит за работење со хартии од вредност се врши со одговарање на прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Прашањата од тестот зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

(3) Полагањето на вториот дел од Стручниот испит за работење со хартии од вредност се врши со проучување на практичен пример од областа на предметот и одговарање на прашања кои кандидатот треба да ги одговори односно реши, во вид на електронско софтверско решение (во натамошниот текст: електронска студија на случај). Задачите кои се составен дел од вториот дел од Стручниот испит за работење со хартии од вредност се решаваат писмено на хартија.
(4) Прашањата и задачите од практичниот пример зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во практичниот пример.

(5) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел од Стручниот испит за работење со хартии од вредност и нивните одговори, практичниот пример и прашањата кои произлегуваат од практичниот пример и нивните одговори, како и задачите и нивните решенија доколку се во електронска форма се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на Стручниот испит за работење со хартии од вредност.

(6) Електронскиот систем од ставот (5) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 2000 прашања од областа на предметите од член 112-а став (3) од овој закон за потребите на првиот дел од испитот од кои 50% прашања се од стручната литература за испитите од член 112-а став (3) од овој закон, како и јавно достапна база од најмалку 200 практични примери, прашања и задачи за потребите на вториот дел од испитот.

(7) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од Стручниот испит за работење со хартии од вредност и прописите за вториот дел од Стручниот испит за работење со хартии од вредност.

(8) Резултатите од полагањето на првиот дел од Стручниот испит за работење со хартии од вредност му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување, а резултатите од полагањето на вториот дел од Стручниот испит за работење со хартии од вредност му се достапни на кандидатот најдоцна во рок од пет дена од денот на полагањето.

(9) Комисијата поблиску го пропишува начинот на бодување на првиот и вториот дел од испитот.
(10) Кандидатот кој не го положил вториот дел од Стручниот испит за работење со хартии од вредност, како и кандидатот кој смета дека одговорите не му се соодветно

бодувани, во рок од три дена може да изврши увид во својот испит и да испрати писмена забелешка до Комисијата.

(11) Доставените писмени забелешки ги решава Комисијата од член 112-в став (3) од овој закон најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на забелешките.

(14) По истекот на рокот на решавање на забелешките Комисијата на својата веб страница објавува официјална листа на кандидати кои го положиле испитот.

*Пристап до електронскиот систем за полагање*

Член 112 – к

(1) На денот на полагањето на Стручниот испит за работење со хартии од вредност, претставникот на Комисијата му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кои му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 112-ј од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот, кандидатот добива електронски тест за првиот дел од Стручниот испит за работење со хартии од вредност, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од базите од членот 112-ј став (6) од овој закон.

(3) По завршување на електронската студија на случај за вториот дел од испитот, кандидатот добива тест со задачи кои се решаваат писмено.

(4) Првиот и вториот дел од Стручниот испит за работење со хартии од вредност содржат упатство за начинот на решавање на истиот, за кое претставникот на Комисијата дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(5) Електронскиот систем за полагање на Стручниот испит за работење со хартии од вредност не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронска студија на случај за вториот дел од испитот во еден термин за повеќе од еден кандидат.

*Ревизија на спроведени испити*

Член 112-о

(1) Тестовите, студијата на случај и задачите од стручниот испит се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на Стручниот испит за работење со хартии од вредност.

(2) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите, студиите на случај и задачите за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и задачите, како и снимките од одржаните Стручни испити за работење со хартии од вредност се чуваат во Комисијата.

(3) Комисијата за хартии од вредност формира Комисија за ревизија на одржаните Стручни испити за работење со хартии од вредност, која во својата работа ги користи материјалите од став (2) на овој член. Во Комисијата за ревизија покрај другите членови, задолжително членуваат и две лица предложени од Министерството за финансии.

(4) Комисијата за ревизија се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку една сесија одржана во тековната година.

(5) Комисијата за ревизија има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на Стручните испити за работење со хартии од вредност одржани во последните 5 години до денот на одржувањето на состанокот на Комисијата за ревизија, но не порано од денот на примената на овој закон.

(6) Доколку Комисијата за ревизија утврди нерегуларности во спроведувањето на Стручниот испит за работење со хартии од вредност од страна на поединци во смисла на член 112 – е став (5) од овој закон, предлага одземање на Уверението од член 112 – н од овој закон.

(7) Комисијата донесува Решение за одземање на Уверението врз основа на предлогот на Комисијата за ревизија во рок од три дена од приемот на предлогот.

(8) Против Решението од став (7) од овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

### *Обврски на брокерот*

Член 115

(1) Во текот на својата работа брокерот треба:

а) строго да се придржува кон инструкциите дадени од клиентот;

б) да работи совесно и професионално имајќи ги предвид инвестиционите цели и финансиската состојба на клиентот и

в) да ги почитува актите на саморегулирачката организација каде што членува.

(2) Брокерот не смее непотребно да одложи извршување на налог на клиентот, доколку условите на пазарот на хартии од вредност дозволуваат негово извршување.

### *Извршување на налог од клиент*

Член 122

(1) Брокерската куќа е должна да го изврши налогот на клиентот веднаш штом условите на пазарот на хартиите од вредност дозволуваат негово извршување.

(2) Брокерската куќа ги извршува налозите на клиентите за купување и/или продавање на хартии од вредност во согласност со приоритетот во книгата на налози.

(3) Налозите на клиентите мора да бидат понудени на берза каде што се нудат и други налози за купување и продавање на хартии од вредност.

(4) Брокерската куќа не смее да купува и/или продава хартии од вредност за своја сметка или за сметка на лице вработено во брокерската куќа, ако со ваквото купување или продавање би се оневозможило извршување на налог на клиент за купување и/или продавање или ако поради тоа тој налог би можел да се реализира по понеповолни услови за клиентот.

*Известување на Комисијата*

Член 131

(1) Брокерската куќа до Комисијата доставува месечен извештај за претходниот месец, потпишан од директорот на брокерската куќа, кој вклучува и пресметка на основната главнина, правни промени и промени во сопственичката структура. Во прилог на месечниот извештај се доставува и изјава потпишана од директорот на друштвото дека во извештајниот период во секое време основната главнина на брокерската куќа била во согласност со членот 99 на овој закон и со правилниците донесени врз основа на овој закон.

(2) Брокерската куќа е должна веднаш да ја извести Комисијата доколку не е во можност навремено да ги исплати пристигнатите обврски кон клиентите.

(3) Брокерската куќа ја известува Комисијата за кои било промени на податоците кои биле наведени во барањето на дозвола за работење во рок од осум дена од настанување на промените.

(4) Брокерската куќа доставува годишен извештај за своето работење на Комисијата најдоцна до 31 мај во тековната година за претходната година.

(5) Годишниот извештај на брокерската куќа ги содржи финансиските извештаи со состојба на последниот ден од претходната година, потврдени согласно со меѓународните стандарди за финансиското известување и ревидирани од страна на овластен ревизор согласно со меѓународните ревизорски стандарди.

(6) Брокерската куќа доставува и шестмесечни неревидирани финансиски извештаи (биланс на состојба, биланс на успех, извештај за паричните текови и

извештај за промените на капиталот) до Комисијата, најдоцна 30 календарски дена по истекот на периодот за кој се однесува извештајот.

(7) Банка како овластен учесник на пазарот на хартии од вредност до Комисијата доставува неревидиран годишен и шестмесечен извештај за финансиското работење на организациониот дел за работа со хартии од вредност во роковите утврдени во членот 131 ставови (4) и (6) од овој закон.

(8) Комисијата со правилник ги пропишува содржината, формата и начинот на

доставување на годишниот и шестмесечниот извештај за финансиското работење на организациониот дел за работа со хартии од вредност на банка овластен учесник на пазарот на хартии од вредност.

(9) Подружница на странска брокерска куќа која има дозвола за работење на територијата на Република Македонија доставува годишен извештај за работењето на странската брокерска куќа до Комисијата најдоцна до 31 мај во тековната година за претходната година.

(10) Подружница на странска брокерската куќа која има дозвола за работење на територијата на Република Македонија веднаш ја известува Комисијата за губење на дозволата за вршење услуги со хартии од вредност во матичната земја на странската брокерска куќа.

(11) Комисијата ги пропишува формата и содржината на извештајот од ставот (1) на овој член.

### *Инвестиционен советник*

Член 150

(1) Услуги поврзани со инвестиционо советување на клиенти може да вршат само овластни инвестициони советници (во натамошниот текст: инвестициони советници).

(2) Право на полагање на Стручен испит за вршење на инвестиционо советување (во натамошниот текст: Стручен испит за инвестиционен советник) има лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да има завршено четиригодишно високо образование VII/1 или студирал според Болоњската декларација и има 240 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) од областа на економските и правните науки, или друго соодветно образование од областа на финансиите и со искуство од најмалку една година во областа на финансиите;
2) да има присуствувано на обука за полагање на Стручен испит за инвестиционен советник која ја организира Комисијата за хартии од вредност;
3) да не е осудуван со правосилна судска одлука за кривично дело во последните пет години пред поднесување барање за дозвола за работење на инвестиционен советник и
4) да не е осудуван со правосилна судска одлука за сторено кривично дело предизвикување стечај на правно лице.

(3) Комисијата го пропишува начинот на организирање, одржување и пријавување за обуката за полагање на Стручниот испит од ставот (2) точка б) на овој член, програмата за обуката, начинот на избор на предавачи на обуката.

### *Прекршочен орган*

Член 232-а

(1) За прекршоците утврдени во членовите 233, 234, 235, 236, 237, 238, 239, 240, 241, 242, 242-а, 242-б, 243, 244 и 245 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за хартии од вредност (во натамошниот текст: Прекршочен орган).

(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија), формирана од лица вработени во Комисијата за хартии од вредност, кои ги именува претседателот на Комисијата за хартии од вредност.

(3) Прекршочната комисија е составена од три лица кои се вработени во Комисијата за хартии од вредност од кои едно ја врши функцијата претседател на Прекршочната комисија.

(4) Членовите на Прекршочната комисија се избираат за времетраење од пет години со право на реизбор.

(5)Членовите на Прекршочната комисија се со завршено високо образование, а за претседател на Прекршочната комисија може да биде именуван само дипломиран правник со положен правосуден испит.

(6) Прекршочната комисија донесува одлуки за прекршоците од овој закон и за изрекување прекршочни санкции.

(7) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа кој претходно е одобрен од претседателот на Комисијата за хартии од вредност.

(8) Против решенијата на Прекршочниот орган, со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.

*Посредување*

Член 232-в

(1) За прекршоците утврдени во овој закон, овластените лица од страна на Комисијата за хартии од вредност за спроведување надзор, во рамки на своите овластувања, можат на сторителот на прекршокот да му понудат посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот.

(2) Овластените лица од страна на Комисијата за хартии од вредност за спроведување надзор за случаите од ставот (1) на овој член составуваат записник во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапка за посредување, на кој се потпишува и сторителот на прекршокот.

(3) Постапката за посредување се покренува со барање од страна на овластените лица од страна на Комисијата за хартии од вредност за спроведување надзор во рок од осум дена од денот кога е констатирано сторувањето на прекршокот.

(4) Согласноста за посредувањето треба да се постигне во рок од осум работни дена од денот кога е започната постапката за посредување.

(5) Постапката за посредување се води пред Комисија за посредување составена од три лица кои се вработени во Комисијата за хартии од вредност, а кои ги именува преседателот на Комисијата за хартии од вредност.

(6) Членовите на Комисијата за посредување треба да имаат завршено минимум високо образование.

(7) Комисијата за посредување работи на седници во полн состав на кои задолжително присуствуваат претставници на сторителот на прекршокот и овластено лице од страна на Комисијата за хартии од вредност за спроведување надзор кое го констатирало прекршокот.

(8) Комисијата за посредување е должна да ја започне постапката во рок од 24 часа од денот кога е пристигнато барањето од ставот (3) на овој член.

(9) За склучената согласност по посредувањето се составува спогодба во која се констатира согласноста на двете страни.

(10) Во спогодбата се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, а особено:

1)висината и начинот на плаќање на глобата;

2)висината и начинот на плаќање на други давачки и трошоци и

3)мерките кои треба да ги преземе сторителот со цел да ги отстрани последиците од прекршокот.

(11) Во случаите кога е постигната согласност за посредување, глобата на сторителот може да биде намалена најмногу за една половина од максимум пропишаната глоба за прекршокот.

(12) Спогодбата од ставот (10) од овој член има сила на извршна исправа.

(13) Комисијата за хартии од вредност донесува деловник и трошковник за работа на Комисијата за посредување. Висината и видот на трошоците утврдени во трошковникот се определуваат врз основа на реалните трошоци што ги има Комисијата за хартии од вредност заради обезбедување на работа на Комисијата за посредување.

(14) Членовите во Комисијата за посредување имаат право на награда за својата работа во Комисијата која треба да биде разумна и соодветна на значењето, обемот на работа на членовите и сложеноста на прекршоците.

(15) Комисијата за посредување е должна да води евиденција за поведените постапки за посредување и за нивниот исход.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со членот 1 од Предлог законот се врши измена во дефиницијата за “Барање за одобрение” во членот 2 од законот согласно кои Барањето за одобрение не се дефинира како писмен документ, што остава можност за подносителот на барањето за одобрение за објавување на јавна или приватна понуда да го достави и во електронска форма. Оваа измена се врши заради потребата од воведување на можноста за доставување на документацијата за одобрување на барање до КХВ освен во писмена и во електронска форма, доколку е потпишана со квалификуван дигитален сертификат, а која произлегува од заклучок на Влада со кој Владата ги задложува сите органи на државната управа како и комисиите и другите државни институции да прифатат доставување освен писмени и електронски доставени документи потпишани со квалификуван дигитален сертификат во согласност со измените во Законот за трговски друштва.

Исто така се врши измена и на дефиницијата за „Сертификат за депозит“ согласно која сертификатот за депозит е неограничено пренослив и согласно измената не се дефинира како исклучиво сериска хартија од вредност што беше случај во сегашната дефиниција.

Со членот 2 од Предлог законот се врши измена на членот 14 став 1 точка ѓ) од законот со што се уредува дека при поднесување на барање за одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда, издавачот со барањето доставува и изјава за содржината на Проспектот од одговорното лице на издавачот , наместо како што беше досегашното решение изјава од раководно лице назначено од издавачот како одговорно лице за содржината на Проспектот. Оваа измена се прави бидејќи посоодветно е предвидената изјава да ја дава одговорното лице на издавачот.

Со членот 3 од Предлог законот се врши измена на членот 29 точка д) од законот со што се уредува дека за издавање на краткорочните сертификати за депозит на банка или штедилницата не и е потребно одобрение од Комисијата за нивно издавање“. Оваа измена е со цел издавањето на сертификатите за депозит да биде ослободено од обврската за добивање одобрение од Комисијата за хартии од вредност независно независно дали се реботи за сериска хартија од вредност или не.

Со членот 4 од Предлог законот се врши измена на членот 38 став 1 од Законот со која се уредува дека освен овластените учесници на пазарот на хартии од вредност, и друштвата за управување со инвестициски фондови со добиена дозвола за работа од Комисијата можат да бидат членки на депозитарот. Оваа измена е поврзана со измената во член 52-б став 3 која се прави со цел да им се овозможи и на друштвата за управување со инвестициски фондови кои вршат услуга управување со средства за сметка на индивидуален клиент согласно Законот за инвестициски фондови, да може да отвораат портфолио сметки на кои ќе се евидентираат хартиите од вредност со кои за сметка на клиент управува друштвото за управување.

Со членот 6 од Предлог законот се врши измена во член 101 став 3 заради бришење на точките б) и в) со Одлука на Уставен суд. Имено текстот на постоечката точка б) од ставот 3 се заменува, односно со иститот се уредува дека Комисијата може да не даде согласност за именување на директор на брокерска куќа доколку утврди дека на предложениот кандидат му е изречена казна затвор за сторени кривични дела од областа на банкарствтото, финансиите, работните односи, имотот, мито и корупција.

Со членот 7 од Предлог законот се врши измена во член 112 став 2 точка 2, со цел да се прецизира условот дека кандидатот не мора задолжително да присуствува на класично организирана обука за работење со хартии од вредност за да има право да го полага Стручниот испит за работење со хартии од вредност, туку ќе биде доволно да ја заврши обуката за работење со хартии од вредност. Ова значи дека Комисјата за хартии од вредност ќе има опција или да опрганизира класична обука или да им овозможи на кандидатите по пат на менторство да се подготват за полагање на стручниот испит за работа со хартии од вредност. Согласно став 3 од член 112, Комисијата го пропишува начинот на организирање, одржување и пријавување на обука при што во Правилник има пропишано дека ако на пример се пријават само 5 кандидати тогаш Комисијата нема да организира класична обука за полагање на стручниот испит туку по пат на консултација со ментор кандидатите ќе можат да се подготват за полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност.

Со членот8 од Предлог законот се врши измена во член 112-в став 10, со кој предвидениот износ на паричниот надоместок на едукаторите на обука за работење со хартии од вредност и инвестициски советници од една просечна плата се заменува со три просечни плати, од причина што едукаторите имаат голем ангажман, односно треба да изготват најмалку 4 000 прашања и најмалку 400 практични примери и

задачи со пет опции за заокружување, што е голем ангажман за кој една просечна плата е многу мал и дестимулирачки надомест.

Со членовите 9, 10 и 14 од Предлог законот се врши измена во членовите 112-д став 8, 112-ж став 4 и 112-о став 8 од законот со која се уредува дека против решението на Комисијата за хартии од вредност, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото. Ова е во согласност со претходната измена на ЗХВ, според која против решенијата кои ги носи Комисијата во прв степен се поднесува жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Со членот 11 од Предлог законот се врши измена на член 112-ѕ став 1, со кој во Стручниот испит за работење со хартии од вредност од пет опции за заокружување зборовите „една не е точна“ се заменуваат со зборовите „две не се точни“. Оваа измена е од технички карактер.

Со членот 12 од Предлог законот се врши измена на член 112-ј став 6, заради намалување на бројот на прашања и практични примери во базата на прашања и примери за полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност. Имено постоечкиот број од 2000 прашања е премногу голем, со што се предлага нивно намалување на 1500 прашања. Исто така базата од 200 практични примери се намалува на 150 практични примери, бидејќи праксата покажа дека постоечкиот број на прашања и примери се премногу за материјата која се користи за полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност.

Со членот 13 од Предлог законот се врши измена во член 112-к од Законот, со која се брише став 3, од причина што согласно концептот за организирање на обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност, стручниот испит се состои од 2 дела (теоретски и практичен дел). По полагањето на првиот теоретскиот дел од стручниот испит, за полагање на вториот дел од испитот кандидатот добива електронски практичен пример, односно студија на случај кој се состои од решавање на задачи или обврска за одговарање на прашања со чие решавање, односно одговарање се смета дека кандидатот го положил целиот испит. Затоа се предлага бришење на ставот 3 од членот во кој се уредува дека по завршување на електронската студија на случај кандидатот добива тест со задачи кои се решаваат писмено, што не е така бидејќи истите се решаваат или се одговараат прашања кои се дел од електронската студија на случај.

Со членот 15 од Предлог законот се врши измена на членот 115 став 1 од законот заради додавање на нова точка г), со која се пропишува почитување на одредбите на овој и друг закон од страна на брокерите. Во досегашната пракса се утврдени ситуации кога брокерите во своето работење не ги почитуваат одредбите од законите во надлежност на Комисијата за хартии од вредност и подзаконските акти донесени врз основа на тие закони, а Комисијата неможела да спроведе казнена мерка спрема брокерите од причина што обврската за почитување на законските и подзаконските акти во надлежност на Комисјата во моментот не е изречно пропишана со Законот за хартии од вредност.

Со членот 16 од Предлог законот се врши измена на член 122 кој се однесува на извршување на налог на клиент од страна на брокерска куќа. Измената се состои во тоа што со членот се уредува дека брокерската куќа првин треба да го внесе налогот на клиентот во системот на тргување на берзата. По внесот на налогот се уредува дека брокерската куќа треба да го спроведе неговото извршување, односно со оваа измена се доуредува дека брокерската куќа треба да го изврши налогот на клиентот веднаш штом условите на пазарот на хартии од вредност дозволуваат негово извршување.

Со членот 17 од Предлог законот се врши измена во член 131 односно се брише обврската на банката како овластен учесник на пазарот на хартии од вредност до Комисијата да доставува неревидиран годишен и шестмесечен извештај за финансиското работење на организациониот дел за работа со хартии од вредност . Оваа измена се врши заради тоа што од објавените извештаи на ниво на банка, како и од адекватноста на капиталот на ниво на банка е евидентно како работи самата банка, а со тоа и организациониот дел за работа со хартии од вредност.

Со членот 18 од Предлог законот се врши измена во член 150 став 2 точка 2, со цел да се прецизира се прецизира дека кандидатот не мора задолжително да присуствува на класично организирана обука за работење со хартии од вредност за да има право да го полага Стручниот испит за инвестиционо советување, туку ќе биде доволно да ја има заврши обуката за работење со хартии од вредност. Ова значи дека Комисјата за хартии од вредност ќе има опција или да организира класична обука или да им овозможи на кандидатите по пат на менторство да се подготват за полагање на стручниот испит за инвестиционо советување во случај кога се имаат пријавено мал број на кандидати.

Со членот  19 од Предлог законот се врши измена во член 232-а со која заради континуитет во работењето на Прекршочната комисија се предлага воведување на заменици на членовите на Прекршочната комисијата.

Со членот 20 од Предлог законот се врши измена во член 232-в со која заради континуитет во работењето на Комисијата за посредување се предлага воведување на заменици на членовите на Комисијата.